**вести-информации**

*Владимир ТРАЈКОВСКИ*

## ФОРМИРАНО МАКЕДОНСКО НАУЧНО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА АУТИЗАМ

На 22 Мај 2000 година во просториите на Институтот за имунологија при Медицинскиот факултет во Скопје се одржа основачкото собрание на Македонското научно здружение за аутизам со следниот дневен ред:

1. Донесување Одлука за основање на Македонското научно здружение за аутизам.
2. Донесување програма за работа на Македонското научно здружение за аутизам.
3. Донесување Статут на Македонското научно здружение за аутизам.
4. Избор на органи на Македонското научно здружение за аутизам:
   - Избор на Собрание на Македонско научно здружение за аутизам.
   - Избор на Извршен одбор на Македонското научно здружение за аутизам.
   - Избор на Претседател на Македонското научно здружение за аутизам.
   - Избор на други органи, тела предвидени со Статутот на Македон–ското научно здружение за аутизам.

Основачи на здружението се:

1. проф. д–р Љупчо Ајдински,
2. проф. д–р Мирко Спироски
3. доц. д–р Драгослав Копачев
4. доц. д–р Кристин Василевска
5. асист. д–р Владимир Трајковски

На основачкото Собранието на Македонското научно здружение за аутизам присуствуваа 14 лица:

Собранието за претседател и членови на извршниот одбор ги избраа следните лица:

*Проф. д-р Љупчо Ајдински, претседател; асист. д-р Владимир Трајковски, потпретседател; асист. д-р Маја Јурхар-Павлова; секретар проф. д-р Мирко Спироски, член; доц. д-р Драгослав Копачев, член; доц. д-р Кристин Василевска, член; доц. д-р Горан Ајдински,член; асист. д-р Дејан Трајков, член; помл. асист. Зоран Киткањ, член.*

Граѓаните се здружени во Македонското научно здружение за аутизам заради остварување на поширок заеднички интерес и како посебни цели и задачи се:

- примарна превенција на лицата со аутизам;
- истражување на механизмите што се поврзани со аутизмот;
- истражување на ефектите од рехабилитација на лица со аутизам;
- третирање на лица со аутизам;
- соработка со родителите на деца со аутизам;
- координација на владини и невладини организации што се занимаваат со аутизам.

Во текот на 2000 година Македонското научно здружение за аутизам планира да оствари неколку активности:

- Регистрација на Македонско научно здружение за аутизам;
- Зачленување на Македонското научно здружение за аутизам во регио–нални и меѓународни организации за аутизам;
- Креирање на WEB site Аутизам–Македонија.
- Започнување со проектот „Имуногенетски анализи на лицата со аутизам во Република Македонија”.

Искрено очекуваме здружението да ги исполни своите цели и задачи и во целост да го исполни планот и програмата за оваа година со што ќе придонесе кон унапредување на заштитата и рехабилитацијата на лицата со аутизам во Република Македонија, ќе учествува во изготвувањето на националниот регистар за овие лица, ќе организира семинари, конгреси и симпозиуми, ќе учествува на меѓународни собири каде што како тема ќе се обработува аутизмот и ќе се вклучи во многу други активности а сè со една цел да им се помогне на децата со аутизам и нивните семејства во остварувањето на нивната замисла за отворање на Центар за дијагностика, едукација и рехабилитација на лицата со аутизам.

## ОДРЖАН СТУДЕНТСКИ ДЕФЕКТОЛОШКИ СЕМИНАР СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО

Во Охрид, Балканскиот Ерусалим, како што со право го нарекуваат некои, градот од каде што Климент и Наум учениците на првите Словенски просветители го започнале својот просветителски книжевен поход се одржа Студентскиот дефектолошки семинар со меѓународно учество, во организа–

ција на студентите и наставниците од Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје

Главна преокупација на учесниците од 5 до 9 Јуни беше темата: „**Третманот на ментално ретардираните деца, децата со церебрална парализа и на децата со аутизам и нивната интеграција во општествената средина**”.

Манифестацијата се одржа под покровителство на деканот на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” проф. д–р Трајан Гоцевски.

Во работата на семинарот зедоа учество 60 претставници (студенти, асистенти и професори) од 7 држави и тоа: Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Југославија, Русија, Словенија и Македонија.

Се работеше 4 дена во три сесии и тоа:

- Сесија А (ментална ретардација)
- Сесија Б (церебрална парализа)
- Сесија В (аутизам).

Беа поднесени 42 излагања со широк регистар на проблеми што го окупирале и го окупираат човештвото како своевидни феномени, како постојани предизвици и мистерии придружени на човековото битисување.

Импресиите од неколкудневното дружење, размислување и размена на искуствата условија да се поведе иницијатива да се формира на ниво на Југоисточна Европа асоцијација на стручњаци што се занимаваат со заштита, воспитание, образование и рехабилитација на лица со психички, сензорен и моторен хендикеп. Имајќи го предвид тоа присутните преставници на земјите учеснички на овој семинар го предложија и замолија проф. Љупчо Ајдински од Македонија да воспостави комуникација со институциите што подготвуваат вакви кадри и со асоцијациите на дефектолозите во тие земји за да можат брзо да бидат информирани и да се произнесат за формирањето на споменатата асоцијација, по што би уследиле конкретни активности за нејзиното формирање.

Со размената на искуствата младите од Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина, СР Југославија, Бугарија, Русија и од Македонија дадоа сопствен придонес не само за побрзо вклучување на хендикепираните лица преку процесите на социјализација во општествената средина, туку и ја отворија можноста за унапредување на дефектолошката практика во своите земји, за свое лично усовршување и оспособување за посовремено извршување на своите задачи во процесот на рехабилитацијата.

Бидејќи семинарот ја исполни својата цел, а студентите се вратија во своите земји збогатени со нови искуства и со нови пријателства тие се надевам дека ќе претставуваат мост за идна научна соработка на полето на дефектологијата, па искрено очекувам оваа манифестација да прерасне во традиција и наредната година да бидеме гости на некоја од земјите учеснички.